## ИЗЛОЖБА НА СТАРИ СЛОВЕНСКИ РАКОПИСИ ВО АРХИВОТ НА МАКЕДОНИЈА

Во склопот на својата целокупна дејност Архивот на Македонија практикува да приредува поголем број на тематски изложби. Бидејќи во Архивот се наоѓаа на обработка стари словенски ракописи сопственост на разни институции, се искористи таа среќна околност да бидат прикажани и ставени на увид на нашата широка јавност, преку организирање на изложба која беше отворена од 22 декември 1970 година до 15 јануари 1971 година. Рамките на изложбата беа проширени со приказот на прекрасната српска кирилска орнаментика што ја подготви со извонредна прилежност и усет Љупка Василева Стефоска, кустос при Народната библиотека во Белград.

Изложбата се состоеше од два дела: I. Словенски кирилски ракописи во Македонија и II. Копии на орнаменти на средновековните кирилски ракописи.

Централниот дел на изложбата го претставуваа старите ракописи од непроценлива културна и историска вредност. Тука за прв пат широката публика можеше да ги види извонредните оригинални ракописи создавани низ векови во Македонија. Ракописите беа сместени во специјални витрини така што можеше континуирано да се следи развитокот на словенската писменост во Македонија, почнувајќи од X век па сè до најновите препишувани на рака зборници од 19 век.

Копиите на средновековната кирилска орнаментика претставуваа илустрирано дополнување на оригиналните ракописи, прикажувајќи ја истовремено богатата инвентивност во украсувањето на некогашните вредни препишувачи.

На свеченото отварање присуствуваа голем број на јавни општествено-политички и културни работници, меѓу кои беа: Драги Тозија, претседател на Просветно културниот собор на Собранието на СРМ, Фахри Каја, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ, Михајло Апостолски, член на Македонската академија на науките и уметностите, Спасе Куљан, директор на фондот за научна работа, заменик секретарот за образование, наука и култура Перо Кецкар и советниците Трајан Бавтировски и Нико Тозија. На свеченото отварање беа присутни и повеќе професори од Универзитетот: Љубен Лапе, Данчо Зографски, Методија Соколовски, Крум Тошев, Томо Томоски, Александар Апостолов, Андрија Лаиновиќ и други; потоа просветни и научни работници на Институтот за македонски јазик, Институтот за национална историја, Институтот за фолклор, Народната и Универзитетска библиотека, Историскиот музеј и други.

Изложбата ја отвори директорот на Архивот на Македонија, Димче Стојанов-Мире. На свеченото отварање пригодно предавање одржа и проф. Д-р Владимир Мошин.

Дневниот печат и другите средства за информирање, радиото и телевизијата, донесоа посебни информации за изложбата. За изложбата низ целото време додека беше отворена, постоеше голем интерес. Средните училишта и студентите на Филозофскиот факултет групно ја посетуваа истата, одржувајќи ги тука и своите часови.